# ЈАВЕН ПОВИК

**ЗА ИЗБОР НА ЕКСПЕРТ/КА ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА 2026 – 2029 ГОДИНА**

## 1. Објавувач на повикот

Здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје, на ден 26.05.2026 година, објавува **Јавен повик за избор на експерт/ка за изработка на стратешки план за 2026 – 2029 година.**

Овој ангажман се реализира во рамки на Грант бр: 100271-2024 кој претставува грант за основна поддршка на здружението, поддржан од фондацијата Red Umbrella Fund.

Повеќе за работата на здружението на следниот линк.
Повеќе за Стратешкиот план 2022-2025 на здружението на следниот линк.

## 2. Цел на ангажманот

Целта на ангажманот е подготовка и фасилитација на процес за стратешко планирање преку консултативен и партиципативен пристап, кој ќе резултира со изработка на Стратешки план на СТАР-СТАР Скопје, за периодот 2026-2029 година.

Стратегијата треба да ги опфати:

визија, мисија и вредности;
стратешки цели и приоритети;
програмски области и активности;
организациски развој и одржливост;
пристап кон застапување, видливост и вмрежување.

## 3. Опис на задачите

Ангажираниот/ната експерт/ка ќе биде задолжен/а да:

1. Подготви методологија и план за спроведување на процесот на стратешко планирање;

2. Спроведе консултативни средби/работилници со потесното раководство, тимот на соработници и членството на здружението.

3. Фасилитира процес за дефинирање на:

визија;
мисија;
стратешки приоритети;
цели и очекувани резултати за периодот 2026–2029;

4. Подготви нацрт и финална верзија на Стратешкиот план;

5. Подготви краток финален извештај за спроведениот процес и препораки за имплементација на стратегијата.

## 4. Период на реализација

Ангажманот ќе се реализира во периодот од **05.06.2026** до **30.06.2026 година** а ќе ги опфати сите активности наведени под точки 1 до 5 од описот на задачите.

## 5. Финансиска понуда

Кандидат(к)ите, за ангажманот треба да достават финансиска понуда во бруто износ, изразена во евра (EUR).

## 6. Критериуми за избор

- Најмалку 3 години искуство во процесите на стратешко планирање;
- Искуство во фасилитација на овие процеси кај најмалку 3 граѓански организации;
- Силно познавање на темите сексуално насилство, родово-базирано насилство, човекови права и сексуална работа;
- Квалитет на предлог програма/методологија за работа;
- Економски најповолна понуда.

**Предност ќе имаат кандидати со:**

- Искуство со работа и/или познавање на правата и потребите на сексуалните работници/чки и други маргинализирани заедници во Република Северна Македонија.

## 7. Склучување договор

Здружението ќе именува Комисија за евалуација и изборнајдоцна во рок од 3 (три) работни дена по завршување на повикот. Со избраниот експерт/ка, здружението ќе склучи договор за повремен ангажман. Условите за ангажманот ќе бидат дополнително усогласени во договор помеѓу двете страни. Доколку комисијата не спроведе избор, јавниот повик може да биде продолжен.

## 8. Потребни документи за аплицирање

- Кратко мотивациско писмо;
- Професионална биографија (CV) која прикажува релевантно искуство;
- Предлог програма/методологија за фасилитација и изработка на стратешкиот план;
- Финансиска понуда изразена во бруто износ во евра (EUR).

## 9. Начин и рок за аплицирање

Документите треба да се достават со назнака:
**Јавен повик – Експерт/ка за изработка на Стратешки план 2026-2029** на следната електронска адреса: star.contact@yahoo.com

Краен рок за аплицирање: **01.06.2026 година, 16:00 часот**.
Нецелосни апликации и пријави доставени по истекот на рокот нема да се разгледуваат. Избраниот кандидат/ка ќе биде известен/а по електронски пат, најдоцна до 04.06.2026 година.

**Скопје, 26.05.2026 г.**